ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 02-1244/1
Дата: 23.11.2021

# Извештај
## за проверка на квалитетот на извршените ревизии/оценка на контролите на квалитет (ОКК)

1. **Вовед**

1.1. Предмет на овој извештај е извршената проверка на квалитетот на спроведената ревизија на усогласеност на тема **„Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во општина Струга“.**

1.2. Проверката на ревизорското досие е планирана и извршена во периодот предвиден со Годишниот план за осигурување на квалитетот на ревизиите за 2021 година од страна на Бранислав Гулев, согласно Решението број 03 – 223/1 од 31.01.2020 година.

1.3. Проверката е извршена во периодот од 13.10. до 01.11.2021 година.

1.4. За проверката се користени пропишаните прашалници за осигурување квалитет на извршените ревизии: Фаза планирање – Прилог 1, Фаза извршување – Прилог 2 и Фаза известување – Прилог 3 од Упатството за осигурување квалитет на ревизиите.

1.5. Проверката е извршена со увид и анализа во работните документи и работните белешки приложени во АМС системот.

1.6. Согласно точка 3.4. Внатрешна комуникација од Упатството за осигурување на квалитет на ревизиите, организиран е воведен состанок со М-р Лилјана Стојанова, ПГДР и Бранко Смилевски, раководител на ревизија на кој се добија првични информации за спроведување на ревизијата во услови на пандемија, отсуството во одделни фази на вработените лица од општината со што била отежната редовната комуникација, што има влијание на периодот на спроведување на ревизијата.

2. **Квалитет на ревизорските постапки**

2.1. Со извршената контрола констатирано е дека при спроведување на трите фази од ревизијата, планирање, извршување и известување користени се техники и

постапки кои се пропишани со методологијата на ДЗР, која се однесува за другите видови на ревизија.

**2.2. Фаза на извршување:**

**2..2.1.** Прикачени се предмети за запрени постапки за 11 лица, но недостига работна белешка во која ќе биде презентирана анализираната состојба со цел да се даде одговор на поставените прашања;

**2.2.2.** Со увид во АМС системот констатирано е дека се прикачени аналитички картици за:

- контото 12200 за 2020 година,
- контото 12206009 за 2019 година,
- контото 12007 за 2015-2017 година,

без да се обезбеди синтетички збир на истите со цел да се изврши понатамошна споредба и усогласување помеѓу овие наведени побарувања и остварените приходи.

*Коментар на ревизорите:*

*Прикачените предмети во АМС за запрените постапки се примерок од истите кои биле предмет на разгледување.*

**2.3. Фаза на известување:**

2.3.1. Во точката 4.2. „Почитување на законските одредби во процесот на легализација на бесправно изградените објекти“ дадена е информација за бројот на поднесени барања, бројот на решени, одбиени барања, но недостига старосната структура на барањата кои се во постапка на решавање.

*Коментар на ревизорите:*

*Во врска со точката 4.2. „Почитување на законските одредби во процесот на легализација на бесправно изградените објекти„ недостига информација за старосната структура на барањата. Информацијата колку барања се поднесени , колку се решени и колку има останати за решавање е во функција на запознавање на заинтересираните страни. Дополнително дадени се податоци преку Прилог 1-Преглед на број на предмети по намена во Општина Струга и Прилог 2 -Преглед на број на предмети по населени места во Општина Струга. Согласно Законот и неговите измени во текот на годините граѓаните имале можност да поднесат барања за легализација во неколку наврати во период од 2011 до 2019 година. Во регистарот кој го води општината секое барање е евидентирано со дата кога е*

*поднесено и статусот на предметот во која фаза е. За овие предмети се води управна постапка и по истите се постапува согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти каде точно се пропишани роковите во кои треба да бидат преземени одредени дејствија од страна на комисиите но застареност на предметите не може да има поради што и не сме вршеле анализа колку барања во кој рок се поднесени. Согласно Законот Општина Струга е должна да постапува во предвидени рокови по поднесените барања, а во врска со почитување на пропишаните рокови во постапката, ревизијата утврди дека не се почитуваат во целост утврдените рокови при издавање на заклучок за прекин на постапката, урбанистичка согласност, изготвување на елаборат, донесување на решение за утврдување на статусот на бесправно изградениот објект кое придонесува за одолговлекување на процесот и тоа е коментирано во наод 4.2.2. Во извештајот исто така е коментирана редоследноста во постапките за решавање на предметите и не координираноста на одделенијата надлежни во процесот.*

2.3.2. Во точката 4.6. „Постапување со бесправно изградени објекти од Министерството за транспорт и врски" дадена е информација за бројот на барања, но недостига информација за старосната структура на истите.

*Коментар на ревизорите:*

*Во точката 4.6. „Постапување со бесправно изградените објекти од Министерството за транспорт и врски„ утврдено е дека 276 предмети за бесправно изградени објекти од прва категорија кои се однесуваат на предмети на територијата на Општина Струга, а се во надлежност на Министерството за транспорт и врски. Од извршениот увид во предметите за објекти од прва категорија во надлежност на МТВ, кои се однесуваат за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за територијата на Општина Струга, а во врска со почитување на пропишаните рокови во постапката, ревизијата утврди дека не се почитуваат во целост утврдените рокови при издавање на заклучок за прекин на постапката, урбанистичка согласност, изготвување на елаборат, донесување на решение за утврдување на статусот на бесправно изградениот објект кое придонесува за одолговлекување на процесот.*

### 3. Контроли на квалитет

Во однос на контролите на квалитет констатирано е дека се воспоставени од страна на ПГДР и раководителот на тимот.

## 4. Коментар на раководителот на ревизијата

*Ревизијата е извршена во предвидениот рок во услови на пандемија и ограничени можности за комуникација со субјектите предмет на ревизија. Со максимално ангажирање на сите инволвирана во истата успеавме за првпат да го добиеме регистарот на поднесени барања за решавање на статусот на бесправно изградените објекти во Општина Струга, како и со констатираните заклучоци во извештајот реално да ја прикажеме состојбата на спроведување на процесот за легализација на бесправно изградените објекти во Општина Струга.*

## 5. Заклучок

5.1. Спроведувањето на ревизијата на усогласеност и изготвување на ревизорското досие е извршено во услови кога не е разработена методологијата за овој вид на ревизија, Државниот завод за ревизија нема изработено Прирачник и програми како составен дел на истиот.

5.2. Во овие околности изготвени се работни белешки за сите позначајни прашања кои произлегуваат од предметната тема. Недостасува поврзаност помеѓу работните белешки по области и скенираните и прикачените докази за настани поврзани со темата.

5.3. Изготвени се анализи со кои се дадени одговори на повеќе прашања поврзани со бројот на доставени барања за легализација, бројот на завршени и тековни постапки, видот на објектите, соодносот помеѓу пријавените и евидентирани побарувања со приходот остварен по основ на надоместокот за легализација на бесправно изградените објекти.

5.4. Во делот на известување констатирано е следното:

- Констатациите и наодите се концизно и разбирливо обелоденети во ревизорскиот извештај,
- Препораките се точно насочени и применливи со цел да се надминат констатираните состојби,
- Заклучокот е јасен, недвосмислен и претставува вистински резултат на состојбите, насочувајќи го читателот кон причините и ефектите од состојбите со бесправно изградените објекти.

Скопје, 23.11.2021

Проверувач:
Бранислав Гулев